<u>Macedonian - Молејќи Псалми - WP Psalms</u>

Псалми 68:1 За началник на пејачи. Давидов псалм. Песна. Нека се крене Бог! Нека се разбегаат Неговите непријатели, нека избегаат пред Него сите Негови мразители!

Псалми 5:9,10 Зашто нема искреност во нивните усти, срцето им е полно со нечесност; нивното грло е отворен гроб, а со јазикот ласкаат. 10 Боже, сметај ги за виновни! Нека паднат во тоа што самите го скроиле; истерај ги заради нивните бројни престапи, зашто се побунија против Тебе.

Псалми 11:6 Ќе излее жар и сулфур врз грешниците, огнен ветер ќе им биде дел од нивната чаша.

Псалми 18:14 Ги прати своите стрели и ги распрсна, и ги расфрли секавиците;

Псалми 18:17 Ме избави од силниот непријател, од оние што ме мразеа, зашто беа посилни од мене.

Псалми 18:39 Зашто Ти ме препаша со сила за бој; ги отстрани пред мене, оние што стануваат против мене.

Псалми 18:45 Туѓинците ослабеа, треперејќи излегуваат од своите тврдини.

Псалми 27:11 Научи ме, Господи, на Својот пат, поведи ме по рамна патека, заради моите противници.

Псалми 35:1-8 Давидов псалм. Господи! Опкружи ги моите обвинители и војувај против оние, кои војуваат против мене! 2 Стави оклоп, земи го Твојот штит и стани да ми помогнеш! 3 Замавтај со копјето и пресретни ги моите гонители, Речи и на мојата душа: „Јас сум твое спасение.” 4 Нека се збунат и посрамат оние, кои ја бараат мојата душа, нека се повлечат и збунат оние, кои мислат зло! 5 Нека бидат како плева на ветер, кога Господовиот ангел ќе ги спотера! 6 Мрачни и лизгави нека им бидат патиштата, кога Господовиот ангел ќе ги гони! 7 Зашто без причина ми оптегнаа мрежа; без причина ископаа гроб за мојата душа. 8 Гибелта ќе ги стигне одненадеж, и сами ќе се фатат во мрежата што ја оптегнаа; ќе паднат во јамата што ја ископаа!

Псалми 52:5 Затоа Бог ќе те сотре и тебе, ќе те отстрани засекогаш, ќе те истрга од твојот шатор, ќе те откорне од земјата на живите.

Псалми 60:12 Со Божја помош ќе се бориме храбро, а Тој ќе ги згази нашите непријатели.

Псалми 66:3 Речете на Бога: „Колку се страшни Твоите дела! Непријателите Ти ласкаат, заради Твојата голема сила.

Псалми 68:35 Страшен е Бог од Своето Светилиште. Израелевиот Бог му дава моќ и сила на Својот народ. Благословен да е Бог!

Псалми 70:1 За началник на пејачи. Давидов псалм. Во спомен. О Боже, избави ме, Господи, побрзај ми на помош!

Псалми 71:13 Нека се засрамат и пропаднат кои го бараат мојот живот; нека се покријат со укор и срам оние, што ми сакаат зло!

Псалми 76:12 Кој ја зауздува гордоста на кнезовите, Кој е страшен за царевите на земјата.

Псалми 118:10 Сите народи ме опкружија, ги истребив во Господовото име.

Псалми 118:12 Ме опкружија како пчели, нивното боцкање жеже како запалени трња: ги истребив со Господовото име.

Псалми 149:8,9 за да им ги фрлат царевите во вериги, а благородниците во железни окови; 9 за да го извршат над нив одамна напишаниот суд - нека им биде на чест на сите Негови свети! Алилуја!

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org